MACEDONIA

# Македонија

NEWSPAPER

April 13, 2023 ■ Volume 41, Issue 6(456) ■ Free www.macedonianewspaper.com



Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на “Македонија“ е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Технички уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
Macedonia
1840 Bloor Street,
Suite 711
Mississauga, ON
L4X 1T2
Tel. :416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада и САД

**Почитувани читатели,**

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**
**За информации контактирајте не’ на:**

**Cell: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
**facebook: Macedonia Newspaper**

**Makedonija/Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**

Македонија



**Голема благодарност до нашите соработници:**

***Танас Јовановски***
- поранешен уредник на весникот ,,Македонија”, колумнист
***Бил Николов*** за Македонското Меѓународно движење за човекови права
***Протаставрофор Илија Донев*** - *соработник за верата*
***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Зоран Андоновски*** – соработник
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми”(Постхумно)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник
***Боне Темелков*** - *СМК-Канада*
Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*
***Славе Катин*** - *соработник публицист*
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***

## NEWSPAPER Macedonia AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5
Phone: 416-421-7451;

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON
(905) 821-8050

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON
(905) 471-5555

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7
(905) 426-5355

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6
(519) 966-6257

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W
(905) 387-0111

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O’Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6
Tel: 416.755.9231

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue Toronto, ON M4K 3V2
East York

**Canadiana Flowers**
3087 Kingston Road
(416) 265-6867

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca
(416) 916-2075

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5
(905) 279-3261

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА/ПАТРИЈАРШИЈА И ЈУСТИНИЈАНА ПРИМА

## ВЕЛИГДЕНСКО ПОСЛАНИЕ: ДА СЕ ПРИДРЖУВАМЕ ДО ЕВАНГЕЛСКИТЕ ПОРАКИ!

11 АПРИЛ 2023 ГОДИНА, ОХРИД, МАКЕДОНИЈА

**† СТЕФАН,**

ПО МИЛОСТА БОЖЈА, АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ,
ЗАЕДНО СО СВЕТИОТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД, ДО СВЕШТЕНОСЛУЖИТЕЛИТЕ, ДО МОНАШТВОТО И ДО СИТЕ ЧЕДА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА, А ПО ПОВОД ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ПРАЗНУВАЊА,
ИСПРАЌА МИР И БЛАГОСЛОВ ОД БОГА, ПОЗДРАВУВАЈЌИ ГИ СО ВЕЛИЧЕСТВЕНИОТ И ТОРЖЕСТВЕН ПОЗДРАВ –
**ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!**

*Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее (1).*
*Возљубени празникољупци,*



Сета наша вера во вечноживиот Бог се потпира врз најголемиот настан во историјата - врз Христовото воскресение! Оти, ако Христос не воскреснеше, напразна ќе беше нашата проповед и празна ќе беше нашата вера (2)! Но Тој навистина воскресна и со тоа на човековиот род засекогаш му го покажа патот кон вечноста. И само Христовата жртва можеше да ни го дари Царството небесно! Имено, пред доаѓањето, страдањето и Воскресението на Господа, човековиот род беше неутешно заробен во оковите на смртта. Таа, како најсуров противник, ја држеше човековата природа лишена од надежта за вечен живот. Тиранијата на смртта, како последица на прародителската непослушност кон Бога, земаше силен замав преку ширењето на себељубието, неправдата и лагата, односно преку сите гревовни страсти што го осакатуваат човековото битие.

Кога гревот, кој е беззаконие (3), ќе ја зароби душата, тогаш различните негови појави стануваат цел на животот. И така, со страв од смртта, без надеж за нејзино надминување, човековиот род беше заробен во темнината на сите зла. Па, при неможноста да Го спознаат единствениот и вистински Создател, луѓето ја заменија вистината Божја со лага и му се поклонија и му служеа на создаденото повеќе отколку на Создателот (4). Така, човековата душа беше станала плен на бесмислата, произлезена од оддалечувањето од единствената Смисла, од вистинскиот и неисцрпен Извор на животот - Творецот и Седржителот на сето видливо и невидливо создание.

И само Оној, Кој го дарува животот, можеше да го ослободи човекот од ропството на гревот и да му го покаже излезот од власта на смртта. Затоа Бог ја прими на Себе човековата природа, неразделно соединета со Божјата. Тој дојде во светот како Богочовек, и Се даде Себеси (5), умирајќи за нашите гревови (6), и со Својот спасоносен подвиг и со Своето воскресение, на човекот му го осветли патот кон полнотата на животот, дарувајќи му ја единствената вистинска слобода. Воскреснатиот Син Божји ја извојува победата за сиот човеков род, како победа на светлината над темнината, на вистината над лагата, на правдата над неправдата и на животот над смртта!

Христовиот живоносен гроб се покажа како извор и за нашето воскресение (7). Тој неповторлив настан е најава и потврда за сеопштото воскресение, бидејќи знаеме дека Оној Кој Го воскресна Господа Исуса и нас ќе нѐ воскресне ( Со тој настан секому му е дадена можност во своето срце да Го всели Христа, па, преку Него и со Него, да биде достоен учесник во вечниот живот. Така, Бог, како наш Создател, ја положил во нас вечноста, до која можеме да стигнеме само преку Христа, и тоа уште овде - на Земјава. Ако Го возљубиме Бога и ги љубиме луѓето, преку исполнување на евангелските пораки, тогаш ќе бидеме подготвени за сеопштото воскресение.

**Возљубени чеда во Господа,**

Силата на воскреснатиот Христос се покажува низ сите поколенија, пројавувајќи се во многубројните осветени христијански души, во секое време и на секое место. Апостолите ја раширија благата вест за Христовото воскресение на сите страни од светот; многубројните маченици, заради верата во Христа Бога, ја сведочеа едната и иста Христова вистина; преподобните и богоносни отци, со помош на оваа непобедлива сила, ги победија сите противници на правдата. Затоа, многубројните светители треба да ни бидат светол пример што треба да го следиме, за да достигнеме богоугоден живот. А и ние, како христољубив народ, по целата македонска земја, имаме богато наследство од многубројни знајни и незнајни Божји угодници, кои можат и треба да ни бидат образец во животот.

Добродетелите кои извираат од Божјата наука се секогаш исти. Но, за да ги постигнеме и усвоиме во животот, неопходни ни се: покајанието, преумувањето и преобразувањето, односно нужно е катадневно да стануваме подобри и подобродетелни. Токму доброто, правдата, незлобивоста и љубовта го сочинуваат вистинскиот живот. Затоа, човекот треба постојано да се усовршува, бидувајќи притоа поткрепен и охрабрен од вечниот живот и од светлината на воскресението. Тоа, пак, ќе влијае во сите области на човековото живеење, па на тој начин и семејството ќе се зацврстува и општеството ќе напредува.

**Возљубени чеда на Мајката Македонска Црква,**

Во ова време кога засилено се поддржуваат и се шират овоземни, минливи и распадливи вредности, ние, како православен народ, да се придржуваме до евангелските пораки, не заборавајќи дека Христос е ист вчера, и денес, и во вечни векови (9). Да веруваме во секој Христов збор, зашто небото и земјата ќе минат, но зборовите Негови нема да поминат (10). Така, соединети во Неговото име, да се трудиме да живееме согласно со богатото предание на нашите предци, сведочејќи за Него преку празнувањето на триумфот на животот над смртта. Па, да се чуваме од меѓусебни поделби, коишто водат до нарушување на нашето сенародно единство, и да не заборавaме: нашиот македонски народ низ вековите се одржал затоа што за свој темел Го имал Христа Бога и Неговите вечни вредности, а за своја мајка ја имал Црквата.

Годинашниов Велигден, за првпат по забранувањето на дејноста на Охридската Архиепископија во 1767 година, го прославуваме во радоста на единството со сите останати помесни Православни Цркви. Му благодариме на воскреснатиот Христос Бог поради тоа, и просиме Неговата благодат богато да се излева врз православниот македонски народ, но и врз сите што живеат на просторите на нашата Македонија, и да нѐ сочува од разните поделби и непријателства. Единството во Православието и признавањето на нашиот автокефален статус нека ни бидат поттик за градење и за чување на нашето духовно и национално единство.

Нашата радост, веруваме, ја споделуваат и светиот апостол Павле, кој прв го посеа евангелското слово по македонската земја, како и славниот цар Јустинијан, во чие време се основа на нашиве простори помесната Црква - Јустинијана Прва. Со нас се радуваат и светите солунски браќа Кирил и Методиј, кои пред 1160 години ја започнаа својата мисија во Моравија, а во оваа година се навршуваат и 1130 години од ракополагањето на свети Климент Охридски во епископски чин. Исто така, годинава ќе одбележиме и 120 години од славното македонско востание на Илинден во 1903 година.

Спомнувајќи си за овие свети и светли личности и годишнини, во текот на оваа година ќе им оддадеме заслужна благодарност за нивниот труд, за застапништвото и за жртвувањата кои ги подарија на нашиот народ и на нашата Црква. Годинава ќе одбележиме и 60 години од осветувањето на првиот македонски храм во САД – "Свети апостоли Петар и Павле" во Гери, Индијана, храм кој имаше рамноапостолска мисија и беше предводник во духовната грижа за македонските доселеници на Северноамериканскиот Континент.

Честитајќи го Велигден, најрадосниот христијански празник, на сите чеда на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија во Татковината и насекаде по светот, молитвено им посакуваме силата на Христовото воскресение да дејствува во сите нас, па од сето срце и од сета душа, заедно со сите наши православни браќа и сестри, да му објавиме на сиот свет: Христос воскресе!

† СТЕФАН,
АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ,

Заедно со членовите на Светиот архијерејски синод на
Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија,
† ПЕТАР, Митрополит Преспанско-пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски,
† ТИМОТЕЈ, Митрополит Дебарско-кичевски и администратор Австралиско-сиднејски,
† НАУМ, Митрополит Струмички,
† АГАТАНГЕЛ, Митрополит Повардарски,
† МЕТОДИЈ, Митрополит Американско-канадски,
† ПИМЕН, Митрополит Европски,
† ИЛАРИОН, Митрополит Брегалнички,
† ЈОСИФ, Митрополит Тетовско-гостиварски,
† ГРИГОРИЈ, Митрополит Кумановско-осоговски,

*Велигден, 2023.*

VACDEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD

http://www.vacdev.com

2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3

# Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time








**Доколку имате прашања во врска со работата на црковната управа побарајте го претседателот, потпретседателот или секретарката на црквата, а ако имате прашање во врска со верата или со црковната служба побарајте го отец Сашо Целески. За двете потреби користете го црковниот телефон: 416-421-7451**

## EASTER GREETINGS
## ВЕЛИГДЕНСКА ЧЕСТИТКА

**Dear brothers and sisters Orthodox Macedonians, children of our Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric**

It is with great joy and happiness that we await the blessed days ahead leading to the Resurrection of the Lord. St. Clement invites you and your family to come worship with us, and experience the Blessings of the Lord and the gifts of the Holy Spirit.
May the resurrected Lord grant all Orthodox Macedonians, and your beloved ones a joyful life filled with the Gifts of Him, Who is risen from the dead.



**Christ is risen. Indeed, He is risen.**
Mr Boris Stoikos – President of the church board of St. Clement of Ohrid -Macedonian Orthodox Cathedral - Toronto



**Драги браќа и сестри православни Македонци, чеда на нашата Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија,**

Со голема радост ги пречекуваме благословените денови коишто се пред нас, деновите коишто нѐ водат кон Воскресението на нашиот Господ. Црквата„Св. Климент Охридски" ве повикува вас и вашите фамилии да дојдете и да Го прославиме Господа и заедно да го искусиме Господовиот благослови и даровите на Светиот Дух.
Нека воскреснатиот Господ на сите вам православни Македонци и на вашите сакани, ви дарува радосен живот исполнет со Неговите дарови, на Оној Кој воскресна од мртвите.
**Христос воскресна! Навистина Воскресна!**
Г-дин Борис Стоикос, Претседател на Црковниот одбор при Македонската православна катедрала „Св. Климент Охридски" – Торонто, Канада

**ЦВЕТНИЦИ - PALM SUNDAY**
**Празникот „ЦВЕТНИЦИ", влегувањето на Господ Исус Христос во Ерусалим во црквата Свети Климент Охридски,Торонто**





**Декорацијата на целивалната икона и палмините крстови беа донирани и направени од Енџи Јовановски и Виолета Роштанковски. Палмите, пак, коишто ја красеа целата црква, како донација, беа подарени од фамилијата Роштанковски.**






Macedonian orthodox cathedral - St. Clement of Ohrid - Toronto

Fr. Sasho Celeski and Fr. Aleksandar Todorovski – parish priests

Dear brothers and sisters Orthodox Macedonians, our spiritual children in Christ the Resurrected, children of our Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric,

As we celebrate the glorious Feast of the Resurrection of our Lord God and Saviour Jesus Christ, we rejoice, and our hearts are full of gladness.

The Resurrection of Christ is victory over death because *"by death He trampled death and upon those in the tombs He bestowed eternal life".*

Moreover, the Resurrection of Christ is victory over sin because Christ suffered, died on the Cross and rose from the dead in order to *"put away sin by the sacrifice of Himself" (Hebrews 9:26).*
Furthermore, Christ's Resurrection is victory over enmity. It reconciled man to God because *"God was in Christ reconciling the world to Himself, not imputing their trespasses to them, and has committed to us the word of reconciliation" (2 Corinthians 5:19).*

Christ's glorious Resurrection and its illuminating light gives us hope that no matter how long darkness remains, the light will eventually shine. Through the power of His glorious Resurrection, may our loving Christ strengthen us to see Him during these difficult times. Then we can rejoice as we see His mighty hand. Transferring grief and sorrow to joy; sickness and illness to healing; death to life. May the light of the risen Christ fill your families and homes with abundant spiritual strength and joy.

CHRIST IS RISEN! INDEED, HE IS RISEN!!




ENSEMBLE
MAKEDONKA
PRESENTS:
63RD ANNUAL YEAR-END CONCERT
10 JUNE
A NIGHT IN THE
СЕЛО
TICKET PRICE $35 | CHILDREN 12 & UNDER $15
DOORS OPEN 6:30PM | SHOW TIME 7:00PM | FOOD | DRINKS | DANCING
CALL (647) 229 8804 OR (416) 524 0145 TO RESERVE A TABLE


FINO
fine foods
Proudly supporting
the Macedonian Youth in Canada!
www.finofinefoods.com




# MOC ST. CLEMENT OF OHRID, TORONTO, LADIES AUXILIARY 2023/2024 PRESIDENT IRENA KARAOULIS-SHOPOV







## HAPPY EASTER

Dear Macedonians, I would like to wish you all a Happy Easter..

Looking forward for a successful year and much more accomplishments and serving our Macedonian community.

Irena Karaoulis-Shopov

President of Ladies Auxiliary St. Clement of Ohrid, Toronto




## ST CLEMENT OF OHRID MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH LADIES AUXILIARY THE NEW EXECUTIVE TEAM FOR 2023/2024

President Irena Karoulis Shopov
1st Vice President Luba Alexiou
2nd Vice President Vera Zlatanovska
3rd Vice President Vera Veljanova

Secretary Blaga Strezovska
1st Co-Secretary Vera Stevanovska
2nd Co-Secretary Lenna Kozovski

Treasurer Elizabeth Cumandra
1st Co-Treasurer Gorica Popovska
2nd Co-Treasurer Mary Mitsopoulos

Coordinator Vera Belcevska
Coordinator Marina Atanasovska





### НОВА ЦРКОВНА УПРАВА ЗА 2023-25 ГОДИНА

*Славе Бунтески, претседател*
*Славе Темелковски, прв подпретседател*
*Љупчо Анчески, втор подпретседател*
*Борис Јоноски, трет подпретседател*
*Џим Јанковски, благајник*
*Сребре Стојаноски, заменик благајник*
*Љупчо Донески, секретар*
*Сашко Котларовски, заменик секретар*
*Марјан Ристески, епархиски пратеник*
*Маја Димитриевски, консултант*

**Македонската Црква, Св. Недела од Ејџакс предводена од претседателот Славе Бунтески Ви го честита најрадосниот македонски православен празник со најубави христијански желби. Почитувани Верници, Парохијани, Исус Христос страдаше за нас воскресна и се вознесе на небото. Ви го честитам најголемиот христијански празник и ви посакувам многу здравје, радост, успех и хармонија! Од се срце на сите им посакувам смирение и вашите срца да бидат исполнети само со љубов. Среќен Велигден!**



## ПОРАКА ЗА ВЕЛИГДЕН 2023

Возљубени во Христа Спасителот,



Зад нас е великопосниот период, кога се трудевме што по достоинствено да се подготвиме за овој ден. Така е со нашиот живот, се што правиме, правиме да бидеме спремни за денот на нашата средба со Бога.

А Бог, по својата бескрајна милост, еве, не удостои да го дочекаме и да се радуваме на Празникот над празниците и Радоста поголема од секоја радост.

Оваа победа Христос ја извојува за нас, доаѓајќи во светот како Човек, живеејќи со нас и земајќи ги врз себе нашите гревови како тешко бреме, притоа останувајќи Самиот без грев, ги издигна на Голгота, ги распна на крст и ги внесе во гроб. А таму го најде паднатиот Адам и сите по него, па како сонце кое не заоѓа, изгреа и ја осветли темнината и ги раскина оковите на смртта. Затоа и пееме на Господа дека со "смртта, смрта ја победи".

ХРИСТОС ВОСКРЕСНА – НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА!

Мир и благослов Божји по повод Велигденските празнувања.



Председателката на Женската секција од Св. Недела Милица Поповски по повод големиот христијански празник Велигден, на сите верници им посакува Среќен Велигден. Дозволете во мое лично име и во името на Женската секција, да Ви го честитам празникот со најискрени желби за добро здравје, лична, семејна и општествена благосостојба и мирен духовен живот. Нека Вашите домови бидат исполнети со љубов, радост, бериќет и спокој.



**Големиот BAZAAR и BAKE SALE** во организација на женската секција при црквата "Св. Недела" и овој пат се одржа во салата на оваа наша црква. Претседателката на женската секција Милица Ристеска Попоски, како и сите нејзини вредни членови припремива најразлични вкусни македонски специјалитети: зелници, кифли, погачи, баклави, тулумби и секакви други благи јадења.

The big BAZAAR and BAKE SALE organized by the women's auxiliary at the church "St. Nedela" again it was held in the hall of our church. The president of the women's section, Milica Risteska Poposki, as well as all its valuable members, prepared a variety of delicious Macedonian specialties: zelnici, kifli, pogaci, baklava, tulumbi and all kinds of other traditional specialties.






# ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА

Во прекрасната свечена сала во Црквата Света Недела се одржа ликовна работилница. Целата манифестација беше подготвена од Маја Димитриевски, Весна Антони и Маја Секуловска. Голема благодарност до родителите на Маја Димитриевски, фотографот Зоран Карапанчев, женската секција, шефот Марија Ангелески и управата на чело со претседателот Славе Бунтески. Учество земаа дамите од Ејџекс и околината на Торонто, Мисисага, Њу Маркет се до Боманвил. Атмосферата беше магична, исполнета со позитивна енергија и смеа. Почетокот на вечерното уметничко сликање го одбележавме со убава македонска музика, прекрасна закуска и вино. Да се надеваме дека ликовната работилница ќе прерасне во традиција и ќе ја прифатат Македонците од другите цркви во Онтарио, Канада.

ART WORKSHOP

Recently an art workshop was held in the beautiful banquet hall of the Sveta Nedela Church. The entire event was prepared by Maja Dimitrievski, Vesna Anthony and Maja Sekulovska. Many thanks to the parents of Maja Dimitrievski, the photographer Zoran Karapanchev, the ladies auxiliary, the chef Marija Angeleski, and the church board headed by the president Slave Bunteski. Ladies from Ajax and the Toronto area, Mississauga, New Market all the way to Bowmanville took part. The atmosphere was magical, filled with positive energy and laughter. We marked the beginning of the evening artistic painting with beautiful Macedonian music, a wonderful appetizers and wine.

Let's hope that the art workshop will grow into a tradition and will be accepted by Macedonians from other churches in Ontario, Canada.









## Фотографии од посетата на поетесата Вера М. Самарџанин и учителката Вања Мургоска на неделното училиште во Св. Недела



Вера М. Самарџанин подари сликовница на секое дете, и им одговори на интересните прашања што ги поставија учениците. Од друга страна Вања Мургоска им го плени вниманието на децата со читање на интересни приказни на македонски јазик.

Photos from the visit of the poetess Vera M. Samarjanin and the lovely teacher Vanja Murgoska at the Sunday school in St. Nedela Sunday School.

Vera M. Samarjanin gave a picture book to each child, and answered the interesting questions asked by the students. On the other hand, Vanja Murgoska captures the attention of the children by reading interesting stories in the Macedonian language.



## Започна изградбата на камбанаријата во манастирот "Света Марена" до селото Туминец

Во дворот на манастирот "Света Марена" во село Туминец, општина Пустец, со благослов на корчанскиот владика г. Јован, почна со изградба камбанарија, која му недостигаше на овој божји храм. Во присуство на Македонци од Мала Преспа камен темелникот на камбанаријата, го освети свештеник на корчанската митрополија. Камбанаријата се гради со средства кои Македонци со потекло од Албанија и од цела Македонија ги собраа на дарителна вечер одржана во Торонто, Канада.

Благодарност до нашите браќа и сестри во Канада, но и до сите кои донирале или ќе донираат за манастирот. Нека ги прати божјиот благослов и да им даде здравје и благосостојба. Нека камбаната бие само за убави нешта, објавија од Црковниот одбор. Од таму посебна благодарност искажуваат и до Васил Јанкула и сослужителите во манастирот кои се ангажирале за запознавање на јавноста за потребите на манастирот, како и контактите со Македонците во Канада. На дарителната вечер, организирана од македонската црква „Света Недела" во Канада, собрани беа 20 илјади канадски долари, но од таму најавуваат и други донации. Лоциран е на 50-тина метри од брегот, локација која самата по себе дава дополнителна убавина и привлечност.

Во манастирот Света великомаченица Марена се чуваат поголем дел од моштите на светицата и тука сè уште се случуваат чуда над нејзините мошти. Датира од 18 век а обновен



е 1926 година а сега и со помош на општината истиот се реставрира. Секоја година на 30 јули, кога се слави патронот на манастирот преполно е од народ, верници доаѓаат од Мала Преспа, дијаспората, од Лерин, Охрид, Струга, Ресен, Прилеп. Селото Туминец е едно од деветте населени места во Мала Преспа, кое се наоѓа на самиот брег на Преспанското Езеро во близина на граничниот премин Стење-Горица и е второ село по големина, со околу 800 жители.



# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА “СВ.ИЛИЈА“

# MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH “ST. ILIJA”

1775 Bristol Rd. West • Mississauga,
ON L5M 2Y5 (905) 821-8050
www.st-ilija.ca E-mail: admin@st-ilija.ca

**САЛАТА ПРИ ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА ВО МИСИСАГА СЕ ИЗНАЈМУВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА : ПРИВАТНИ ЗАБАВИ, КРШТЕВКИ, ВЕРИДБИ, ПОГРЕБИ И ДРУГИ НАСТАНИ.**

**ОСВЕН ПРОСТОРОТ, ЦРКВАТА НУДИ И КОМПЛЕТНО МЕНИ СО ЈАДЕЊА ЗА ГОСТИТЕ.**
**КАПАЦИТЕТ: 150 ЛУЃЕ**

**ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ КАЈ: ГОРНАН 647-710-3836 БИСЕРКА 416-319-4949**





## ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН!

**Почитувани парохијани, Ви го честитаме најголемиот и најрадосен верски празник за нас Македонците, Велигден. Нека Среќа, спокој, радост и љубов ги исполнат вашите души.**
**Од управата на Македонската Православна црква, Св. Илија од Мисисага со претседателот Васко Недановски.**

## ВЕЛИГДЕНСКА ЧЕСТИТКА ОД ОТЕЦ БЛАГОЈ ПЕНЕВ СВЕШТЕНИК ВО М.П.Ц. СВ. ИЛИЈА ВО МИСИСАГА



Драги браќа и сестри во Христа Воскреснатиот Христос нашиот Бог откако беше распнат на крстот и на него го прикова гревот на целиот свет, умре, слезе во длабочините на адот; потоа, издигајќи се од адот, повторно влезе во Своето пренепорочно тело и миговно воскресна од мртвите... На истиот тој начин и сега кога ние, оставајќи го овој свет и неговите суети при исповедањето на страдањата Господови, влегуваме во гробот на покајанието и смирението, Самиот Тој слегува од небесата, влегува во нашето тело како во гроб, се соединува со нашите души и ги воскреснува нив-душите, мртви по суштина заради гревовите. И, воскреснувајќи ги, дарува благодат да се гледа славата на ова таинствено воскресение.

**Христос Воскресна! Навистина Воскресна!**



## СВЕЧЕНА ОБВРСКА НА ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ВО МПЦ СВ.ИЛИЈА ВО МИСИСАГА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛКА ИЗБРАНА Е ДОЛГОГОДИШНАТА ПРВА ДАМА И ЛИДЕР НА ЖЕНИТЕ ОД ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА ВЕСНА ТРАЈКОВСКА



Со благослов на свештеникот Благој Пенев, на 26 март 2023 година во Македонската Православна Црква Свети Илија во Мисисага свечената завет и обврска ја положија новите членови на женската секција









### Управен одбор на женската секција од МПЦ Св. Илија, Мисисага:

Претседателел Весна Трајковски
Потпретедател Весна Гроздановски
Благајник Елизабета Велковска
Заменик благајник Виолета Јванова
Секретар Елизабета Христовска Крстевска

Заменик секретар Лиле Арсовски
Членови на упрвен одбор:
Дијана Пенева
Роса Ситновска
Сашка Јовчевска
Кети Кожовска
Љуба Ласаж



НА БЛАВЕШТЕНИЕ БЕШЕ ПРОСЛАВЕН ИМЕНДЕНОТ И РОДЕНДЕНОТ НА ПАРОХИСКИОТ СВЕШТЕНИК ОТЕЦ БЛАГОЈ ПЕНЕВ



Празникот Цветници свечено беше одбележан во црквата Св. Илија. Женската секција изразува благодарност до своите членки за декорирањето на црквата.. По божествената литургија беше послужен и празничен ручек. Женската секција со претседателката Весна Трајковска со сите почести оваа година се подготви и за Воскресението Христово, Велигден готвејќи богат и свечен празничен ручек.







ЦВЕТНИЦИ ВО ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА



**Rev. Ilija Donev**
**ilijadonev@gmail.com**
**(416) 898 - 0496**

# ВАЖНОСТА НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ

**ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!**

Деновиве го прославуваме нашиот најголем празник – Воскресението на нашиот Господ Исус Христос – ВЕЛИГДЕН. Од Велигден до празникот на Вознесението на Господ Исус Христос - СПАСОВДЕН, се поздравуваме со поздравот: Христос воскресе, навистина воскресе.

Велигден е празник над сите празници и е темелот на христијанската вера. “Ако Христос не воскреснал, тогаш празна е нашата проповед, празна е и вашата вера“, вели св. апостол Павле (1Коринтјаните 15:14). Освен тоа, Воскресението Христово е најважниот настан во историјата на светот чиј плодови и благодети ги чувствуваме и уживаме и ние денешните христијани, а така ќе биде до свршетокот на светот. Кулминацијата на страдалната недела во Ерусалим беше Воскресението и тоа им даде силна надеж не само на апостолите, туку и на милиони Христови следбеници ширум светот низ вековите. Оти, верата во Христовото воскресение е основа за верата во воскресението на умрените, (1 Коринтјаните 15:13).

**Зошто Христовото воскресение е важно?**

Воскресението е вистински настан кој се случил пред 2000 години. Тоа не беше привидение ниту измилен настан, туку проверена вистина од апостолите, а потоа и од мноштво луѓе на кои Христос им се јавил. Најпрво, апостолите се сомневале во зборовите на Марија Магдалена па истрчале да проверат во гробот каде што било положено телото Негово. Од сите сомневања особено внимание привлекува сомневањето на св. апостол Тома кој не сакал да поверува додека не ги допрел раните на телото Негово (Јован 20). Ниввото сомневање не е само заради нив, туку и заради нас.

Преку Воскресението Христово ние се оправдуваме пред Бога, вели св. апостол Павле (Римјаните 4:25). Христос беше предаден и претрпе крсна смрт за нас луѓето и заради нашите гревови, а за наше спасение. Всушност, целта и смислата на Неговото доаѓање на земјата беше – избавување на луѓето од гревот и упатување кон спасението. Во Символот на верата (член 3) читаме: “заради нас луѓето и заради нашето спасение“. Човекот, поради паѓањето во грев отпадна од Бога и така се најде во безизлезна состојба и кошмар. Гревот е прекршување на волјата Божја и поради тоа човекот се одвои од Бога и го прекина правилниот однос кон Него., вели св. апостол Павле (Римјаните 6:28; Исаија 59: 2). “Ние некогаш бевме неразумни, непокорни, заблудени, бевме робови на гревот, живеевме за злоба и завист, се мразевме еден со друг“ (Тит 3:3; Ефесјаните 2:3). Затоа Христос дојде жртвувајќи се Себеси како откуп за гревовите наши сакајќи да не’ оправда пред Бога. Зборот “оправдување“ значи “да се исправи, да се поправи“ направената човечка грешка.

Зошто Христос се јави како Искупител за нашите гревови? За да се поправи грешната состојба на човекот, а со тоа и нашиот однос кон Бога, неопходно беше да се вклучи некој, Кој е над нас, за да можеме да бидеме оправдани.. “Зашто Оној, Кој не знаеше за грев, Он за нас се жртвуваше, та преку Него да станеме правда Божја“ (2 Коринтјаните 5:21). Така, преку воскресението Бог потврдува дека ја прифатил Христовата жртва и ни овозможува правилен однос со Него.

**Победа над смртта.**

Втор важен момент е – победата над смртта. Во тропарот за Велигден пееме: “Христос воскресна од мртвите, со смртта, смртта ја победи, и на тие во гробовите живот им дарува“.

Смртта е најголемиот непријател на човекот. Таа е казна за нашите гревови, вели св. апостол Павле (Римјаните 6:23). Кога Адам и Ева згрешија добија заслужена казна и станаа смртни. Затоа ќе речеме дека смртта постои откако постои човекот. Таа сигурно ќе настапи во еден момент. Било каков отпор да правиме или без разлика колкаво богатство да имаме од нејзините канџи не ќе можеме да се откинеме. Но, со воскресението, Христос ја победи смртта. Он се ослободи од смртта и воскресна затоа што таа повеќе немаше сила, па ниту моќ, да Го задржи. Он се покажа посилен од неа. Затоа св. апостол Павле ќе извика: “Смрт, каде ти е осилото? Пеколу, каде ти е победата? Осилото на смртта е гревот, а силата на гревот е Законот (Божји)“ (1Коринтјаните 15: 55-56). Објективно преку страдањето на крстот Христос не’ ослободи од гревот, а со вскресението ја победи смртта и ни даде можност за вечен живот со Бога.

Некој ќе праша: како да веруваме во победата над смртта кога таа сеуште постои? Да, точно е дека смртта постои но таа повеќе не е проклетство или казна како што беше за прародителите Адам и Ева, туку е привремена и преодна појава. Нашето умирање е заради тоа што го очекуваме општото воскресение, се вели во Евангелието (Јован 11:11; Лука 8:52; Матеј 9:24; Марко 5: 39). Сепак, тоа е голема разлика.

**Обединување во Христа**

Верувајќи во Христа ние се обединуваме и се соединуваме со Него. Како? Св. апостол Павле одговара: “...знаејќи дека Оној Кој Го воскресна Господа Исуса и нас ќе не’ воскресне преку Исуса и ќе не’ постави со вас“ (2 Коринтјаните 4:14); или уште истиот апостол вели: “Бог и Господа Го воскресна и нас ќе не’ воскресне со силата Своја“ (1 Коринтјаните 6:14). Соединување со Христа значи дека Бог се грижи за нас и не ја гледа нашата неправедност и грешност, туку Христовата праведност и искупување.. Преку нашата смрт и воскресението ние умираме во Христа, а потоа живееме со Него. “Знаејќи оти Христос, откако воскресна од мртвите, нема веќе да умира: смртта нема веќе власт на Него“ (Римјаните 6: 9). Така, нашето обединување во Христа е овозможено преку воскресението Негово. Оттаму ќе речеме: Неговото воскресение е и наше воскресение и Неговиот живот е и наш живот. Ние нема да останеме во смртта, туку веруваме дека со Него ќе живееме во вечниот живот. После воскресението ние сме едно со Христа. Он е глава на телото, односно на Црквата. “Како што Христос воскресна од мртвите, преку слава на Отецот, така и нам ни е овозможено да одиме во обновен живот со Христа“ (Римјаните 6:4). Оваа идеја најдобро е прикажана во крштевањето кое, пак, е физичка демонстарција на оваа духовна реалност на нашето раѓање, умирање и воскресеие со Него.

**Потврдување на Светото Писмо**

Уште во Стариот Завет беше најавувано Христовото доаѓање на земјата за спасение на луѓето. Тоа е најдобро прикажано во книгата за праведниот Јов; во Псалом 16, а особено книгата на пророк Исаија 53 глава. Има и други примери кои пророкуваа за Христовото доаѓање и вокресение. Затоа ќе речеме дека Христовото доаѓање и воскресение не беше случаен настан, туку дејство кое што беше подготвувано уште од моментот на паѓањето на прародителите Адам и Ева во грев. “Знам дека мојот Искупител живее и дека најпосле ќе застане на земјата“, вели праведниот Јов (Јов 19:25). Св. апостол Лука зборува за св. пророк Давид, кога вели: “Предвиде и кажа за воскресението на Христа, дека душата Негова нема да се остави во пеколот и дека телото Негово нема да види распаѓање“ (Дела апостолски 2: 31). “Нема да дозволиш твојот светец да види распаѓање“ (Дела апостолски 13:35).

Целото Евангелие (Новиот Завет) зависи од воскресението Христово. Св. апостол Павле (во Првото послание до Коринтјаните глава 15) зборува за воскресението и објаснува како целото христијанско Евангелие зависи од воскресението Христово. Христовото воскресение не е привремен или еднократен настан, туку неговото значење има вечна важност. “Ако во Христа имаме надеж само за овој живот, ние сме најсожаливи од сите луѓе“, вели св. апостол Павле (1 Коринтјаните 15: 14; 17-19).

Воскресението не е само основен дел од Евангелието, туку е тоа лепилото што го држи заедно секој дел од Евангелието. Без воскресението животот на христијаните е безнадежен, безсмислен и залуден. Но, бидејќи Христос воскресна од гробот, имаме надеж за прошка, оправдување и вечен живот во Христа.

**Исус Христос е Син Божји**

Воскресението е најголемото чудо што се случило во историјата на човештвото – чудо над сите чуда. Чудата не се својствени на обичните луѓе туку тие се случуваат по силата Божја. Сето она што Он го зборуваше за Себе и сите зборови што ги изговори како поука за луѓето, не ќе имаа важност доколку Он останеше во гробот. Во тој случај Он би бил како илјадници проповедници, филозофи и учители кои беа и отидоа пред Него и илјадници научници и водачи кои дојдоа после Него. Но, Христос навистина воскресна од мртвите и Неговото воскресение го докажува Неговиот статус како Син Божји. “А Петар Му одговори, Ти си Христос, Синот на живиот Бог...“(Мат.16, 15 -18). Тоа е основата на која е основана Светата Црква – цврстата вера во Синот Божји. “Христос беше посведочен како Син Божји во силата по Духот на осветувањето, преку воскресението од мртвите на Исуса Христа нашиот Господ“, вели св. апостол Павле (Римјаните 1:4). Со ова апостолот кажува дека Богочовекот Господ Исус Христос е основачот на христијанството и Он е негова суштина, содржина и наш Спасител. Он е “посведочен“ т.е признат како Син Божји во многу случаи уште во Стариот Завет; потоа преку Неговото надприродно доаѓање на земјата; луѓето коишто Го гледале и слушале па се прашувале: “Кој е Овој човек?“ (Матеј 8:27); “Народот се чудеше на Неговото учење зашто Он ги поучуваше како Оној, Кој има власт, а не како книжниците“ (Матеј 7: 28-29). Најмногу меѓу народот се претставил “во силата по Духот“ како најголем Лекар, Исцелител, Чудотворец и Воскресител. Како “Син Божји“ беше посведочен и при крштевањето на реката Јордан; при Преображението на Таворската гора (Матеј 3:17; 17:5; Марко 1:11).

**Ветувањето на Светиот Дух**

После воскресението Он се вознесе на Небото и беше издигнат на почесното место од Бога Отца, на десната страна и го прими ветувањето за испраќањето на Светиот Дух Кој ќе го продолжи Христовото дело на земјата. “И така, Он, откако беше вознесен со десницата Божја и го прими Светиот Дух, ветен од Отецот, го излеа ова, што вие го гледате и слушате“ (Дела апостолски 2:33). Ова значи дека Христовата земна служба над Неговиот народ продолжува и денес преку Светиот Дух Кој ја раководи Црквата која е, пак, Тело Христово. Ова исто така значи дека Христос ќе му помогне на Својот народ со Духот, зајакнувајќи ги, убедувајќи ги и водејќи ги во животот што Бог го посакува.

**Воскресението жива надеж за христијаните**

“Благословен е Бог и Отец на нашиот Господ Исус Христос, Кој во својата голема милост не’ пророди преку воскресението од Исуса Христа од мртвите за жива надеж, за наследство што не пропаѓа, кое не свенува, запазено на небесата за вас 1 Петар 1 :3-4)

Простувањето на гревот и оправдувањето пред Бога им дава на христијаните огромна надеж. Христијаните се сменети од непријатели на Бога врзани за пеколот, во пријатели и чеда Божји на кои, заради вечно наследство на рајот, а преку покајание, се’ ќе им биде простено и кое никогаш нема да им биде одземено. “Вие сте Ми пријатели, ако го вршите она што ви заповедам Јас. Не ве нарекувам слуги, зашто слугата не знае што работи господарот; туку ве викам пријатели, оти ви кажав се’ што сум чул од Мојот Отец“ (Јован 15: 14-15). Има ли поубава вест и поголемо достоинство за нас луѓето од оваа?

**Христовото воскресение е и наше воскресение**

Христос е опишан како прв плод на воскресението од мртвите, што значи дека Неговото воскресение е претходник на воскресението што ќе го доживеат сите верници при свршетокот на светот (1 Коринтјаните 15:20). “Зашто, како што преку човек дојде смртта“, напишал апостол Павле, “од човек дојде и воскресението на мртвите. Зашто како што во Адам сите умираат, така и во Христа сите ќе оживеат“ (1 Коринтјаните 15:21-22).

Верниците во Исуса Христа ќе уживаат во воскресението еднакво со Христа, но со прославени тела воскреснати со Божја сила и моќ (1 Коринтјаните 15:42-44). Можеме да страдаме во овој живот со болки и болести, но нема да страдаме во идниот живот. Секое земно страдање има рок на траење, но задоволствата на небото никогаш нема да завршат.

**Воскреснатиот Христос најправедно ќе му суди на светот**

Во Символот на верата (член 7) читаме: И пак ќе дојде со слава, за да им суди на живите и мртвите....Повторното Христово доаѓање на земјата ќе се случи при свршетокот на светот. Првиот пат Он дојде понизно и скромно, но вториот пат ќе дојде во сета Негова слава како Судија и ќе им суди на луѓето за нивните дела. Природно е Бог како Создател на светот да биде и Судија . Како Создател нам ни даде живот, како Спасител не’ избави од гревот, а како Судија ќе проценува колку сме ги користеле средствата на сапасението.

Бог ги занемарил времињата на гревот и незнаењето и ни опростил, но сега ни заповеда сите ние, било каде да живееме, најпрво да се покаеме, бидејќи одредил ден во кој праведно ќе му суди на светот преку човек што Он го одредил; и затоа им даде уверување на сите со тоа што Го воскресна од мртвите. (Дела 17:30-31).

Секој човек што живеел на земјата ќе излезе на судот Божји и ќе одговара пред Бога за она што го направил. Неверниците ќе одговараат за кршење на Божјиот закон и ќе се соочат со вечна осуда - пеколот. Бог ќе ги повика верниците и за нивните добри дела ќе ги награди во вечниот живот - рајот. Како потврда за оваа вистина е Законот што Бог го дал на луѓето за воскресението на Исуса Христа од мртвите. За сите оние кои не веруваат во Исуса Христа, оваа пресуда треба да предизвика огромен страв оти ќе се соочат со Божјиот гнев и ќе трпат вечни маки.

**Како до вечниот блажен живот?**

Неопходно е да се знае дека вечниот блажен живот треба да се заслужи и тоа исклучиво преку верување во Исуса Христа и одвраќање од гревот. Верувањето во Христа е тоа што ги прави наши сите придобивки од воскресението! Да се продолжи во неверување е сопствен избор, но треба да се знае и да сме крајно свесни дека тогаш доброволно остануваме во Божјиот гнев.

На крајот ќе завршиме со зборовите од Евангелието: “Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее; И секој што живее и верува во Мене, нема да умре до века“ (Јован 11:25-26).

Нам ни останува силно да веруваме во овие зборови дека сето ова ќе се исполни.

**ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ! НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!**

# АПЕЛ ЗА ОДБРАНА НА НАШАТА МАЈКА МПЦ И ЦРКВИТЕ ВО ИСЕЛЕНИШТВОТО

**Туѓа мајка црква не сакаме, нашата мајка МПЦ не ја даваме!**
**До: Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква- ОА**
**Јустинијана Прима (преку надлежниот архиереј на АКМПЕ г. Методиј)**
**ДО: Комисијата на Верските Заедници на Република Македонија**

До: Сите медиуми и гласила во иселеништвото и Република Македонија

Како Македонци и верници, вознемирени од моменталните состојби во нашата МПЦ и Р. Македонија, должни сме да ги изнесеме нашите гледишта.

Доживуваме тешки и пресудни денови. Ние Македонците се наоѓаме пред најголемото искушение од своето постоење. Го изгубивме името на нашата држава а сега сме на прагот да ја загубиме и последната Македонска Институција - Мајката МПЦ. Мораме да застанеме во одбрана на нашата црква и нејзините духовни вредности. МПЦ ќе опстои само ако опстојат Македонците.

Долго очекуваниот Томос конечно пристигна од Српската Православна Црква (СПЦ) која не' призна под името Македонска Православна Црква-ОА, во чиј состав влегуваат и сите наши македонски православни епархии во Дијаспората. Наместо голема радост, тоа внесе немир во одделни кругови од највисокиот клир во МПЦ, како и во државниот врв. Оваа група на епископи бара втор Томос од Цариградската Патријаршија, од грко-фонските цркви кои претходно упорно одбиваа да дадат Томос бидејќи за тоа била надлежна СПЦ. Во Светиот Архиерејски Синод вријат нејаснотии и вешто се избегнува прашањето за промена на името и судбината на македонските православни цркви во иселеништвото. Зошто САС молчи и не истапува официјално со објаснување пред јавноста и пред верниците, или пак да ги демантира негативните гласини?

Со какво лице ќе погледнат во народот владиците од САС доколку дозволат трговија со името на нашата црква? Што е всушност црквата? НАРОДОТ Е ЦРКВАТА. Зарем не знаат дека довербата која низ вековите ја добила МПЦ од народот не е дадена од Господ ниту пак е запечатена.

ЦРКВИТЕ НАДВОР ОД МАКЕДОНИЈА,

Нашиот македонски народ насекаде низ светот, градел православни цркви, манастири и културни центри со цел и желба да се самоидентификува во овој далечен свет како народ со своја идентитетска, историска и духовна посебност, древен народ со длабоки корени уште од библиско време. Да не заборавиме дека кога во Европа немало писмени кралеви и цареви, ние сме го имале Светиклиментовиот универзитет.

Македонските цркви во иселеништвото, повеќето од нив изградени во втората половина на минатиот век, се регистрирани како непрофитни религиозни организации во согласност со законот за религија на дотичната држава. Тие се во состав на МПЦ и се создадени на националната и граѓанска база како би се прибрал целиот македонски народ под покровителство на Мајката МПЦ од причина што во отсуство на наши цркви, Македонците во иселеништвото беа распрскани насекаде по другите православни цркви. Оваа вистина како да не е добро разбрана од Светиот Синод на МПЦ. После неуспешниот обид да се регистрира Македонска Православна Црковна Епархија во Гери, Индијана, спречена од грчката дијаспора, на 12-ти септември 1981 година, а по иницијатива на тогашниот потпретседател на епархиското собрание (највисоката цивилна функција) Борис Илијевски, покојниот Американско-канадски Архиереј, митрополитот г. Кирил и неговиот Архиерејски заменик, протоереј Борис Поповски со своите потписи ја овековечија регистрацијата на Американско-канадската Македонска Православна Епархија. Тоа беше прво признавање на Македонска Православна Црковна Епархија под нејзиното уставно име надвор од Република Македонија.





Тој историски чин се изврши во градот Рочестер, во државата Њу Јорк од страна на адвокатот Антони Мајкрос. Со Резолуција, сите црковни македонски заедници во регистрираната епархија се изјаснија да бидат под јурисдикција на Мајката МПЦ.

Ние, иселениците од сите делови на Македонија, при регистрирањето на нашите цркви, институции и гласила цврсто заставнавме зад македонското име и нашата Мајка МПЦ. Секакво манипулирање со нашите македонски определби ќе предизвика уште поголема недоверба и поделба. Никаков компромис не е потребен кога се во прашање нашето име и идентитет. Ние сме биле, сме и за секогаш остануваме Македонци. Со чисти патриотски чувства ја сакаме својата родна Македонија, со искрена и силна вера ја сакаме нашата света Мајка МПЦ во која сме крстени и која е чуварот на нашата христијанска вера.

Апелираме до политичарите во Република Македонија да ги тргнат рацете од МПЦ бидејќи таа јавно не се има откажано од своите чеда верници од сите делови на Македонија, специјално тука во иселеништвото каде во нашите духовни храмови црквуваат Македонци од сите делови на етничка Македонија. Се надеваме дека нашиот прв меѓу еднаквите, Неговото Блаженство Архиепископот г.г. Стефан ќе ги земе во предвид горенаведените факти. Го охрабруваме и поддржуваме да истрае под притисокот што се врши врз него, да не дозволи промена на името на МПЦ и да не се откажува од нас верниците во иселеништвото. Да потсетиме дека сите цркви и манастири надвор од границите на Република Македонија се изградени исклучиво со средства и труд од иселениците, без никаков финансиски удел од Синодот. Со тоа, парадоксална би била одлуката да се предадат епархиите надвор од Македонија на Цариградската Патријаршија. Овој најдобронамерен апел до г.г. Стефан е со цел да не ги проблематизира односите за тој да не се доведе во незавидна положба како најодговорен по ова прашање.

Истовремено, голема одговорност имаат надлежните архиереи во македонските православни епархии надвор од границите на Република Македонија. За жал и тие молчат. Како верници од АКМПЕ се обраќаме и до нашиот надлежен Архиереј г. Методиј да излезе од своето гнездо, да се најде меѓу верниците, да ги слушне нивните многубројни проблеми и потреби, и да ги реши благовремено, постапувајќи според Статутот на епархијата и црковните правилници.

Туѓа мајка црква не сакаме, нашата мајка МПЦ не ја даваме!

Со почит до сите Македонци,

Нада Цицковска - Димитрио (поранешен претседател на МПЦ "Св. Димитрија", Рочестер, Њу Јорк)
Пепи Јадровски (поранешен секретар во МПЦ "Св. Димитрија", Рочестер, Њу Јорк) Борис Илијевски (поранешен претседател на МПЦ "Св. Димитрија", Рочестер, Њу Јорк и поранешен потпретседател на епархиското собрание).

**Драги Македонци, доколку не сте во можност лично да ја предадете декларацијата на лице одредено за собирање на декларициите, можете слободно декларацијата, (приложена во весникот, погледни десно), да ја отпечатите и да ја пополнете и испратите по пошта.**

**Вашите уредно пополнети декларации за одбрана на името на Македонската Православна Црква Охридска Архиепископија можете да ги испратите на адреса:**

**Canada**
**WMC CANADA**
**PO Box 88072**
**Mississauga PRO Levi Creek**
**ON, L5N8M1 Canada**

**Да ни е вечна Македонија и Македонската Православна Црква Охридска Архиепископија!**
**Светски Македонски Конгрес Канада**

---

**Со чиста совест, искрено и без принуда, под морална и материјална одговорност ја давам следната изјава во форма на ДЕКЛАРАЦИЈА.**

**Јас, ______________________ од татко ______________ и мајка ____________**
**со адреса ______________________, град ________________, по етнос ____________________ вера _______________ кон/тел.___________________**
**мејл__________________________**

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква - Охридска архиепископија е Апостолска црква со преемство од Светиот Апостол Павле,

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква - Охридска Архиепископија е една и единствена легална и легитимна канонска наследничка на древната автокефална Охридска архиепископија патријаршија и Јустинијана Прима,

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква е помесна автокефална црква која претставува дел од Едната Света Соборна и Апостолска Црква, а

**ЗАГРИЖЕНИ** за името, статусот и достоинството на Македонската православна црква - Охридска архиепископија,

**НИЕ**, Македонците по род и државјанство, Ние, верниците во Македонската православна црква - Охридска архиепископија, прокламираме

**ДЕКЛАРАЦИЈА**
**ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**(1)** Го отфрламе секој обид на Светиот архиерејски синод и на Црковно-народниот собор за промена на Уставот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) со цел промена на нејзиното име, статус и достоинство, како велепредавство на МПЦ-ОА, Македонскиот народ и државата Македонија!

**(2)** Отфрламе било каква промена на титулата на поглаварот на МПЦ-ОА во односите со секој и со сите, во светот и татковината, освен Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима, кој се ословува со Ваше Блаженство.

**(3)** МПЦ-ОА е еден и единствен сопственик на сите цркви и манастири во државата Македонија. Сите цркви и манастири во државата Македонија се под јурисдикција на МПЦ-ОА.

**(4)** Отфрламе име за внатрешна и име за надворешна употреба на МПЦ-ОА.

**(5)** Македонските православни епархии надвор од границите на државата Македонија може да бидат само под јурисдикција на МПЦ-ОА.

**(6)** Нема да дозволиме македонска црква и манастир во државата Македонија да стане ставропигијален на друга црква.

**(7)** Отфрламе евхаристиска заедница и канонско единство на МПЦ-ОА со Православната црква на Украина под јурисдикција на Цариградската патријаршија.

**(8)** И покрај сите разлики и историски хипотеки, сметаме дека македонското црковно прашање е затворено со патријаршкиот и соборски Томос за автокефалност на Македонската православна црква - Охридска архиепископија од Српската православна црква - Печка патријаршија од 5 јуни 2022 година.

**(9)** Го повикуваме Светиот архиерејски синод на единство во одбрана на името, статусот и достоинството на МПЦ-ОА.

**(10)** Предупредуваме дека никој нема право да го менува името, статусот и достоинството на МПЦ-ОА, бидејќи тоа е антихристијански и антиисториски!

**ДЕКЛАРИРАЛ**

______________________
Потпис/име и презиме




**Во нашата црковна заедница изминатиот период покрај редовните богослужби се случија и настани коишто оставија силен печат за соработка и христијанско единство.**



За прв пат во историјата на постоењето на нашата црква се одслужи Вечерна Сеправославна богослужба со свештеници на другите православни канонски Цркви во Виндзор. На оваа служба присуствуваа верници од сите православни заедници и генерации, и беше голема радост за нас што се приклучивме кон останатите православни цркви во Виндзор.



Делегација од нашата локална црква Св.Никола од Виндзор составена од парохискиот свештеник отец Емил Атанасов, претседателката на Црковната управа Вера Најдовска и заменик делегатот Глигор Стефанов, присуствуваа на Епархиското Собрание во Катедралната црква Св.Богородица - Детроит.



Радост ни беше што во овие Велигденски пости, во посета и сослужување ни дојдоа и браќата свештеници од сестринските цркви од Кембриџ и Хамилтон. Парохискиот свештеник отец Емил, заедно со отец Гоце Деспотовски и отец Ангел Станчев служеа Литургија на Претходно осветени дарови, а на службата присуствуваа и верници од црквата св. Климент Охридски од Торонто.



## ХРИСТОС ВОСКРЕСНА – НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА!

Драги браќа и сестри православни Македонци, оваа 2023 година, да се собереме сите за Велигден во Црква и да го прославиме Бога – победителот на смртта, и сите да се прегрнеме како браќа пеејќи ја химната „Христос воскресе"! Христос Бог ја победи смртта најголемиот човечки непријател, но го победи и злото и гревот, гревот како причина за секаква болест. Господ да ни дарува крепко здравје, силна вера и добра мисла!

Во една неделна молитва читаме: "Преку крстот дојде радоста за целиот свет!" Така, нека искушенијата што ги преживуваме како народ и поединечно, Бог ги претвори во Воскресенска радост и славење на победата на Христос над гревот, злото и смртта. Мрачната зима да ја претвори во расцутена пролет на верата, надежта и љубовта. Црквата поминала многу тешки периоди во минатото. Бог, секогаш ја подигал од пепелта и таа опстојувала. Да се држиме до Црквата како деца за својата мајка. Оти таа е управувана од Господ и е непобедлива и сигурна заштита!

Ви го честитам најголемиот христијански празник – ВОСКРЕСЕНИЕТО ХРИСТОВО и Ви посакувам многу здравје душевно и телесно, радост, љубов, силна вера, бодрост и храброст во сите предизвици во животот. И над сѐ Бог да ни го дарува Својот мир, верувајќи дека сѐ е во Негови раце. Ако сме во мир со Бог, тогаш ке имаме и мир помеѓу себе и еден со друг.

Свештеник
Отец Емил Атанасов



## Среќни Велигденски празници од Женската Секција Св.Никола - Виндзор



Почитувани читатели на весникот Македонија, од име на Женската секција од црквата Св.Никола во Виндзор, Ви го честитаме големиот христијански празник Велигден со радосниот поздрав: Христос Воскресе!

Во добро здравје, слога, уште многу години да ја негуваме Македонската култура, традиција, Православна вера, на овие простори и да се трудиме сѐ ова да го пренесеме на нашите деца, внуци, нашите идни поколенија.

Претседателка на Женска секција
Милица Апостоловски

## Dear Brothers and Sisters, fellow Macedonians,



On behalf of the Administrative Council of Saint Nicholas Macedonian orthodox church in Windsor, Ontario, I would like to extend warmest wishes and congratulations to the newly elected presidents in St. Kliment, St. Nedela, St. Ilija, St. Dimitrija, St.Bogorodica and St.Naum and best wishes to the continuing presidents. I wish them all success and prosperous years ahead. I look forward to meeting you and cooperting with you.

The newly elected Administrative Council in Windsor began their two-year term as of March 12th 2023. The 16 member Administrative Council is composed of strong, ambitious, and hard working men and women, who together with Fr. Emil Atanasov, the Ladies Auxiliary and the Senior Citizen's Club will work to continue and contribute to what our predecessors have already built over the past fifty years. and also to preverve our culture and heritage.

I invite and welcome fellow Macedonians where ever you might live to come and visit us, be it our church or our Macedonian community center or join us for any special event. Getting to know and cooperate with fellow Macedonians is an extension of our.

As the biggest Christian holiday approaches, I want to wish everyone a very Happy Easter and that we may celebrate it in good health for many years to come.

CHRIST HAS RISEN! INDEED HE HAS RISEN!

Sincerely,
Vera Najdovska,
President of the Administrative Council
St. Nicholas Macedonian Orthodox Church
Windsor





Owners Robert Gill and Sue Eastwood

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.








## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.



For more information
**CALL OUR TEAM**
**905 761 9030**
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

# 2023 John L. N. Bitove, C.M. Macedonian Heritage Scholarship Application Now Open

Nova Generation is a Canadian charity based in Toronto that provides scholarships to university students of Macedonian descent across the worldwide Macedonian diaspora.

*Special thank you for the generous support of the Bitove Foundation.*



NOVA GENERATION

**APPLY TODAY!**

Deadline: **June 2, 2023**

Learn more at **NovaGeneration.ca**

# Macedonian Wines and Spirits

Licence No. 54522




The BEST of Macedonian wines and spirits in Ontario, Canada.

To order call Andy 416-735-2401 macedonap@rogers.com

www.MacedonianWinesAndSpirits.com

AUTO SALES

ALEXANDER THE GREAT INC.

THE WHEELS TO CONQUER YOUR JOB

# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

*Address*
*2695 Durante Way,*
*Milton, ON, L9T 5J1*

**Sales: 833-216-1270**

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| Monday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Tuesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Wednesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Thursday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Friday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Saturday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Sunday | Closed |










Book your table now!

*CONTACT:*
*914 Pape Ave*
*Toronto, ON M4K 3V2*
*info@californiatoronto.ca*
*HOURS*
*Mon–Sun: 11am - 12am*

**https://californiarestobar.ca/**

(416) 461-1251

## ВЕЛИГДЕН – ДЕН НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ
## ВЕЛИГДЕН Е НАЈСТАР ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК КОЈ СЕ ПРАЗНУВА УШТЕ ОД ВТОРИОТ ВЕК

**Пишува и уредува**
**Блага Дафовска**

Драги читатели, Ви испрачам пролетни празнични честитки и со ВЕЛИГДЕНСКО ПОЕТСКО ЕХО ќе ги дочекаме и



прославиме Велигденските празници со рубликата „Поезија соповод“ каде ќе бидат застапени Велигденски песни од македонското народно творештво како и од нашите современи поети одсекаде, зашто: - „ На Велигден штом ѕвона заѕвонат милиони ѕвезди горат за Македонија“

Со сино ѕвездено небо и силно светнат ден, зачекривме во четвртиот месец од летото Господово – април 2023 година, месецот кој во сите виножитни бои ја симболизира пролетта сомирисот на јорговаnите, будењето со сончеви утра придружени од песната на ластовиците; радостно го очекуваме и широко ги отвораме срцата и вратите на Велигден – најголемиот христијански празник - празникот на Христовото воскреснување . На црковните богослужби ќе одекне гласот на верниците со божествени молитви придружени со богољубивиот глас на сите ангели:

**„Христос воскресна**
**од мртвите,**
**со смртта смртта ја победи,**
**и на тие во гробовите**
**живот им дари“**

За овој значаен празник македонскиот народ каде и да живее се подготвува да гопрослави свечено и со сите обичаи. Велигденските празници се одбележуваат со Прочка или Проштени поклади кога луѓетомеѓусебно си простуваат. Потоа верниците по седумнеделниот пост се причестуваат со вино и леб, со кое се симболизира крвта и телото Христово.

ВЕЛИГДЕНСКОТО ПОЕТСКО ЕХО ќе се огласи со Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ од Торонто, кое ќе дојде до израз со песната „БОЖЈИОТ ПАТ“ од ДИМИТАР ЦОНЕВ каде убаво е опишана оддаденоста кон Господ-Бог, кој секогаш ни проштава и благослов ни дава, како и важноста на меѓусебното проштавање, цитираме:



**„Во божјото царство,**
**има добар свет**
**Секој од нив добил**
**поеден богат цвет**
**Кој што сака таму да**
**оди на гости,**
**Треба да знае колку и**
**до кога да се прости.**
**Блажен е човек кој**
**сака да пости**
**Сите гревови Бог ќе му и прости**
**Ќе му даде мир и најсреќни денови**
**За целиот живот ќе го благослови.“**

Ако се навратиме кон историјатот за Велигден, ќе сознаеме дека многувековното празнување започнало во вториот век и со текот на времето си нашло место во македонското народно творештво, а особео во народната поезија каде се застапени македонски велигденски народни песни. Тоа се всушност лирски народни песни кои најчесто ги пееле жените кога рабоеле по полето, на празниците, на орото. Забележано е дека македонските народни песни се наоѓаат на прво место со разноврсна тема и лиричност. Лирските народни песни припаѓаат„ во циклусот пролетни обредни песни и се пеат на Велигден“ Овие најстари песни потекнуваат од времето на паганската религија. Но со прифаќањето на христијанството се приклучуваат кон христијанските празници. Велигденските обредни песни почесто се пееле на Причесна и Велигден. Причесната како важен настан на Христијаните опишана е во многу народни песни, а во некои е опишан и Марко Крале кој претставува значен лик „во епските песни на балканските народи “ Овој легендарен јунак се среќава и во Велигденските песни каде се опеани големите велигденски пости:

**„Постил Марко пости великои,**
**што запостил за седум недели.**
**седум пати трпеза ставило**
**осум пати војца се напило.“**

Сите обичаи и подготовки при дочекот на Велигден,започнувајќи со чистењето на куќата, одење в црква празнично облечени сликовито ги опишува битолскиот поет и новинар ПАНДЕ МАНОЈЛОВ (1948-2020) роден во с.Породин, во песната која за момент ќе ве пренесе во родниот крај:

**ПРЕДВЕЛИГДЕНСКА**
**„Обичај е пред Велигден**
**се да биде чисто,**
**да се исчисти куќата,**
**да се варосаат ѕидовите,**
**да се исперат килимите ...**
**Обичај е пред Велигден**
**да се пости,**
**да се јаде сол и пипер**
**да се исчисти телотоод гревовите**
**И да се вапцаат црвени јајца, на**
**Великичетврток пред изгрејсонце,**
**во храм свет да се влезе .“**

Македонскиот поет и публицист, АНТЕ ПОПОВСКИ (1931-2003) роден во Лазарополе ,(Во 80-те години престојуваше во Торонто, имаше средба со членовите на ЛД „Браќа Миладиновци“ и постана почесен член ) кој преку неговите поетско-воскреснати зборови и со магичноста на стиховите ќе го почувствуваме Христовото:

**ВОСКРЕСЕНИЕ**
**Расцутен двор, камбани што корнат**
**Еден древен крст и го фрлаат меѓу ѕвздите,**
**Празничен чаршав, свеќа што догорува**
**И твојот празен стол покрај трпезата.**

На 16 април сите патишта ќе водат кон Македонските храмови на заедничка богослужба каде свечено ќе го прославиме Велигден.Точно на полноќ на Велика Сабота ќе заѕвонат сите камбани; ќе го огласат Христовото Воскресение кое се симболизира со кршење на велигденките јајца. Веселата празнична атмосвера продолжува со вкусен велигденски ручек, со гоштевања, со оро и песна. Овиев убави традиции ќе продолжат и ќе траат засекогаш како што вечно ќе трае и македонскиот народ.

**ХРИСТОС ВОСКРЕСНА !**
**НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА! СРЕЌЕН ВЕЛИГДЕН !**

## ВЕЛИГДЕН ВО МАКЕДОНИЈА



...„Македонците од 13 век биле првите Христијани за кои се знаело дека користеле обоени јајца на своите велигденски прослави“...

Драги Македонци, Православни Христијани, се приближува големиот христијански празник Велигден. На интересен начин преку интернет дојдов до важни историски податоци за нас Македонците и нашата религиозна поврзаност со овој важен ден преку еден мал интересен новинарски натпис. Во весникот се опишува за сликањето на јајцата на Велигден. Краткиот натпис гласи, цитирам:

„Според Паас, бојадисувањето на велигденските јајца, Македонците од 13 век биле првите Христијани за кои се знаело дека користеле обоени јајца на своите велигденски прослави. Крстоносците кои се враќале од Блискиот Исток го ширеле обичајот да обојат јајца, а Европејците обојувале јајца за да го слават Велигден и другите празници. “Пишува Кети Смит од познатиот весник „Тајмс Дејли“ Среда, 27 Март, 2002 година.

Дел од текстот на англиски јазик напишан е подолу како доказ за повторно да прочитате и да се уверите во погоре напишаното:

“According to Paas Easter egg dyes, 13th-century Macedonians were the first Christians known to have used colored eggs in their Easter celebrations. Crusaders returning from the Middle East spread the custom of coloring eggs, and Europeans used to color eggs to celebrate Easter and other holidays.”By Kathie Smith -writes "The Times Daily"/Wednesday, March 27, 2002.

Доколку постоеше сомнеж кај некој од вас дека првата жена Лидија Христијанката не била од Македонија сега можеме да отвориме дискусија и да се запрашаме дали треба да заборавиме на нашето потекло, традиција и обичаи? Гледаме дека денес можеме да најдеме во секој момент стари податоци и информации за нас Македонците.

Спомeнот за Христовото распетие претставен преку бојадисувањето на јајцата очигледно не е од вчера кај нас Македонците. Ние сме стар религиски народ со богата традиција и богати фолклорни обичаи.

Велигден е Голем празник за нас Христијаните. Како ќе ги бојадисаме јајцата за овој голем ден е секогаш својствено на нашата бескрајна фантазија која ја има во македонското семејство како традиција .




## НАПРАВИ САМ

**Денес ќе ви дадам идеја како да си направите прекрасни христијански велигденски јајца со македонското сонце:**

**1.Жолта и златна боја (акрилни фломастери);**
**2. Мала прецизна четка за боење;**
**3. Цврсти варени јајца;**
**4. Црвена боја за фарбање јајца;**
**5. Масло за премачкување.**

Најпрвин сварете ги јајцата во вода во која сте додале малку оцет и сол. Еден трик за безбедно варење на јајцата во тенџере е да ставите мека платнена крпа на дното, ред јајца-ред крпа доколку сакате да не се допираат и безбедно да се сварат. Потоа исфарбајте ги со црвената боја за јајца. Откако убаво ќе се исуши бојата почнете со вашата декорација на македонскто сонце со жолта боја, а потоа и со златната боја. За мојата декорација употребив жолти и златни бои т.е. акрилни фломастери(можете и со мала прецизна четка). Техниката за цртање на знамето е постапка која бара малку вежбање на лист хартија и потоа ќе ви биде полесно.Откако ќе ги нанесете боите со фолмастерите или со четката внимавајте тие да бидат исушени ,и по ваша желба го ставате на крајот маслото за премачкување. Јајцата добиваат посебен сјај и светат посебно македонското Сонце со златно-жолтата боја !

**Христос Воскресна, ВИСТИНА Е!**
**Среќен Велигден**
**браќа и сестри Христијани**
**во целиот свет!**

Уживајте во Велигденските празници со секоја ваша идеја и креација!

Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви **Каролина Ристеска.**

Fm98,7MHz
STEREO
РАДИО
МЕФФ
+ 389 48 411111
www.radiomeff.mk

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






## Happy Easter dear Macedonians and friends!

Easter is a revered religious holiday in Macedonian culture. In fact, it is considered by many to be the most important day of the religious holidays. It is a joyous day, it is a hopeful day, it is a day that holds promise for the future and gives us hope and love for mankind. Alas, it is the day that Christ has risen. In Macedonian culture, on Easter Sunday we greet one another in that way, " Christ Has Risen" with the response being " Indeed He Has Risen" . In Macedonian it translates to, " Ristos Voskrese" with the response being " Navistina Voskese!" .

My mom, Bona Straklevski, tells me stories of growing up in Macedonia. She says that on Easter morning, everyone would take great care in dressing in their best clothes for church and then afterwards welcoming family with a wonderful home cooked meal that filled the table with lovingly prepared delicacies. We take these traditions with us, wherever in the world we may be, and however many years have gone by.

One of those traditions is Kozinjak, Macedonian traditional Easter bread. I like to try new recipes, and today I am sharing one that I made this week and I loved.

## Lemon loaf with glaze

*I love a delicious golden, lemon loaf at Easter. That zingy lemon flavour wakes up our senses and is perfect after a rich meal. Every domakinka or domakin can use another fool proof cake recipe.*

**Ingredients**

1/2 cup soft butter
1/2 cup white sugar
2 eggs
1/2 cup sour cream
1 tsp vanilla extract
1 tsp grated lemon peel
1 1/2 cups all purpose flour
1/4 cup cornstarch
1/2 tsp salt
1/2 tsp baking soda



**Method**

Preheat oven to 325 degrees , prepare loaf pan by greasing and flouring .

With a blender, cream together the butter and sugar then add one egg at a time, blending well. Add sour cream , vanilla extract and lemon peel. Blend for a minute.

Mix dry ingredients together in a separate bow and then add to the wet, stir until just mixed.

Pour into pan and bake for about 30 minutes .

I add the icing after the cake has cooled. Use icing sugar and drops of lemon juice until you achieve the consistency that you desire. I like to drizzle it over and let it spread and then set.

From my home, to yours, we wish you a joyous and blessed Easter! Happy cooking everyone, and keep our traditions and dishes alive!

## Kozinjak

**Ingredients for two loaves** ( sorry I am never going to be that person that makes 50 haha)



5 cups flour
1 tsp salt
2 tsp instant yeast
½ cup warm water
1 cup sugar
1 cup warm milk
¼ cup melted butter
3 eggs plus one yolk
1 egg white
½ lemon rind
Few drops of oil
Sesame seeds to top

**Method**

Start by setting aside one cup of the flour to use as you go ( I dip my hands in it as I knead)

Mix the eggs in a separate bowl plus one yolk. In another bowl mix the warm milk and the sugar, butter and lemon rind.

In the bowl with the flour, add the salt, mix and then make a well in the middle and add the yeast. Slowly add the warn water to the yeast and mix it in, grabbing flour as you go. Mix the wet ingredients into the dry and continue mixing and then turn it all out onto the counter and knead for about 15 minutes.

Prepare your loaf pans ( I spray pam onto them but you can brush with melted butter). Coat your dough in a little oil in a bowl and cover to sit for about 20 minutes.

Next, separate the dough into 6 equal parts. Roll each one out into a rope a little longer than the size of your pan.



Take three ropes and braid them. Place into your pan.

Let the loaves sit in a warm space ( oven on very low) for two hours. Brush the loaves with the egg white and coat with sesame seeds once they have proofed.

Remove and preheat the oven to 310 degrees and bake for one hour. About 20 minutes before they are done, place a sheet of foil paper over the tops of the loaves to prevent from getting too brown. ( I like a golden colour).




# 416 - 750 - 8080 905 - 471- 9100

## New patients are welcome to our Dental Family

Dr. Blagoj Kozovski DDS, Dentist
Dr. Dejana Kozovski DDS, Dentist
Dr. Ljubinka Kozovski DDS,Dentist
Victor Kozovski RDT Registered
Dental Technician






**LOCATIONS:**

190 Main St. N, Markham, ON Tel: 905 471 9100
(across St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church
NEW LOCATION: 1049 McNicoll Ave.
Scarborough ON, M1W 3W6 Tel: **416 - 750 - 8080**



kozovskifamilydentistry.com Kozovski Family Dentistry


AWARDS 2022
ROYAL LePAGE
NATIONAL
TOP 10%
AWARD
2022
THE NEDAN TEAM
ROYAL LePAGE
Meadowtowne Realty
Brokerage
*Total GCI Rankings
ELEVATE | GROW | REFINE


Wishing you a blessed Easter filled with love, peace, and joy! May this special day bring you happiness and memories to last a lifetime. Happy Macedonian Orthodox Easter.
The Nedam Team
Ви посакуваме благословен Велигден исполнет со љубов, мир и радост! Нека овој празничен ден ви донесе среќа и долговечни спомени. Честит да ни' е Македонскиот Православен Велигден!
Недам Тим

# КУЛТУРНА СРЕДБА ВО ТОРОНТО:

## ПРОМОВИРАНИ ДЕЛАТА НА ЛУ ВЛАШО ОД САД, ДУШАН РИСТЕВСКИ-МАКЕДОН ОД АВСТРАЛИЈА И СЛАВЕ КАТИН ОД МАКЕДОНИЈА

Во организација на Литературното друштво „Браќа Миладиновци" од Торонто, на 19-ти март 2023 година, се одржаа промоции на делата: „An American Son of Macedonia - Американски син на Македонија", Лу Влашо, од Нејплс, Флорида, САД, „Творештвото на Славе Катин" на Душан Ристевски-Македон од Сиднеј, Австралија и „Силјан Мицевски" на Славе Катин од Македонија




Овој културен настан се одржа во Катедралната македонската православна црква "Свети Климент Охридски" во Торонто, Канада. Настанот го отвори Борис Стоикос, претседател на црквата „Св. Климент Охридски, а го благословија свештениците Јован Босеовски и Александар Тодоровски. Програмата ја водеше естрадниот уметник и главен и одговорен уредник на весникот „Македонија" од Торонто, Соња Лозановска. За монографијата „ An American Son of Macedonia - Американски син на Македонија" зборуваше на англиски Мери Отоу (Mary Outow), претседател на организацијата „Обединета македонска дијаспора" (ОМД) од Вашингтон, (САД), за Канада, а на македонски публикацијата ја претстави Славе Катин. Делото „Творештвото на Славе Катин", пак, го претстави Зоран Карапанчев., претседател на Литературното друштво „Браќа Миладиновци", кое е културна секција на Катедралната македонска црква „Св. Климент Охридски" од Торонто,



потоа, за ликот и делото на Славе Катин зборуваше Драгица Димовска, уредник и водител на радио часот „Обединета Македонија" од Торонто, а монографијата „Силјан Мицевски" ја претстави Славе Катин, публицист од Скопје.

Во своето излагање за луксузната публикација „An American Son of Macedonia - Американски син на Македонија", Мери Отоу (Mary Outow), меѓу другото, рече дека делото е издание на Книгоиздателството „Македонска искра" од Скопје, а излезе од печат по повод Божиќните и Новогодишните празници во 2022 година, на 330 страници на англиски и македонски јазик, чии уредници се новинарката Херит Хеитаус од САД и публицистот Славе Катин од Македонија. Тоа е животна приказна за Лу Влашо, роден Американец со македонско потекло од Егејскиот дел на Македонија, познат, признат доблесен бизнисмен, како и почесен конзул на Република Македонија во Соединетите Американски Држави. Животната приказна на семејството Влашо е многу интересна страница од мозаикот на македонскиот иселенички летопис во САД, но и во пошироките простори на северно-американскиот континент. Лу, чие македонско семејно име му е Илија, е познат активист за афирмација на македонското име, јазик, идентитет, култура и традиции во мултиетничката мапа на САД. Животната прикажна на семејството Влашо, истовремено, е и скромен дел од историјата на Македонците од Егејска Македонија, на Македонците во иселеништвото, а преку него и на дедовкста татковина – Македонија.

За публикацијата „Творештвото на Славе Катин"(II проширено издание) од Душан Ристевски – Македон зборуваше Зоран Карапанчев., претседателот на Литературното друштво „Браќа Миладиновци".

Второто проширено издание на делото „Творештвото на Славе Катин" е посветено на „Наградата за животно достигнување" (2022), за Славе Катин од организацијата „Обединетата македонска дијаспора" (ОМД) од Вашингтон, (САД), за постигнувањата на полето на дијаспората. Оваа организација е врвна меѓународна, невладина асоцијација чија главна цел се интересите и потребите на луѓето со македонско потекло и македонските заедници ширум светот. Примарната цел на ОМД е да го обедини македонскиот народ и нивните интереси, а нејзините активностите се фокусирани кон промоција на македонско историско име и вистина, како и македонското духовно, културно и национално наследство.

Може да се заклучи дека книгата „Творештвото на Славе Катин" што ја подготви Душан Ристевски-Македон претставува патоказ кон обемното и значајно творештво на Славе Катин од 60 публикации, преку кои секој заинтересиран читател, денес и во иднина, ќе може да дојде до вредните дела на овој неуморен и исклучително плоден и квалитетен автор. Богатите податоци во публикацијата се овековечени за сите времиња за македонското иселеништво, како што се: историографијата, лексикографијата, патеписите, печатот, религијата, и други области, особено од животот на иселениците,, рече Зоран Карапанчев.



За животот и делото на Славе Катин се осврна Драгица Димовска, која, меѓу другото рече дека Славе Николовски – Катин, кој е познат само како Славе Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа и Охрид, во етничка Македонија и македонскиот народ, во Македонската православна црква - Охридска архиепископија, како и во Македонците насекаде во светот. Тој и' е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората.



Славе Катин е добитник на голем број награди и признанија од бројни организации, друштва, установи, цркви и црковни општини во Република Македонија и во странство. Тој, е добитник на наградата „Крсте Петков Мисирков" (1988) на Здружението на новинарите на Македонија од областа на журналистиката, „Признание за животно дело" на 48-те Љубански илинденски иселенички средби (2021), „Повелба за животно дело" (2022) на Пелагониските културни средби , како и „Глобална награда за животно достигнување" (2022) на „Обединетата македонска дијаспора" од Вашингтон, САД, за постигнувањата на полето на дијаспората.



За монографијата „Силјан Мицевски" зборуваше авторот Славе Катин, кој, меѓу другото рече дека публикацијата се однесува на животот и делото на бизнисменот Силјан Мицевски-Циле од Битола.

ПИШУВА:
СОЊА ЛОЗАНОВСКА




## Почитувани верници!



Ви го честитам овој животворен ден, кој е една и единствена основа на христијанскиот живот и христијанската надеж.
Да ја искусиме целата сила на оваа Велигденска радост, зашто, само во светлината на Воскресението, животот добива вистинско значење.

**Христос воскресе!**
Со почит од претседателот на македонската православна црква Св. Димитрија Солунски од Маркам
Диме Малаковски





MOC St. Dimitrija Solunski, Markham
priest Goran Risteski

**Среќен празник почитувани православни Македонци!**
Нека светлината Христова ги озрачи вашите домови, трпези и души. Честит Велигден до сите наши членки, до сите наши роднини и пријатели.

**Христос воскресна! Вистина Воскресе, нека е за многу години!!**
Со почит од претседателката на женската секција од црквата Св. Димитрија Солунски од Маркам Сојна Алексовска Мириќ

## Macedonian Orthodox Church "St. Dimitrija Solunski" - Markham

ДРАГИ ПАРОХИЈАНИ,

Во овие празнични, Велигденски денови нашите души и срца да бидат со Воскреснатиот Спасител. Да се потрудиме да ја познаеме и доживееме Неговата божествена љубов и премудрост во делото на нашето спасение.

Да се очистиме духовно, за да го видиме Христа со чисто срце и да го воспеваме Неговото Воскресение. Бог на љубовта и мирот со благодатта на Воскреснатиот Спасител да биде со сите вас.

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!

Ваш молитвеник пред Воскреснатиот Спасител,
Ереј. Горан Ристески

DEAR PARISHIONERS,

May in these Easter Holidays our soul and heart be with the risen Savior. Lets exert ourselves to recognize and live His divine love and wisdom for our salvation.

Let us cleanse our soul spiritually, to see Jesus with pure heart and to rejoice His resurrection. God of love and peace with the blessing for the risen Savior to be with all of us.

CHRIST IS RISEN!

INDEED HE IS RISEN!

Yours in the name of our Savior Jesus Christ,
Rev. Goran Risteski

## Македонска Православна Црква "Св. Димитрија Солунски" -Маркам

**Р А С П О Р Е Д за Богослужбите во Страсната Седмица и Велигден 2023**
**S C H E D U L E of Services for Holy Week and Pascha 2023**

| | | |
|---|---|---|
| 08 Април<br>08 April | ЛАЗАРЕВА САБОТА - Св. Литургија<br>LAZARUS SATURDAY - Divine Liturgy | 10:00 A.M. |
| 09 Април<br>09April | ЦВЕТНИЦИ - Св. Литургија<br>PALM SUNDAY - Divine Liturgy | 10:00 A.M. |
| 12 Април<br>12 April | ВЕЛИКА СРЕДА - Општ Маслосвет<br>GREAT WEDNESDAY -Holy Unction | 7:00 P.M. |
| 13 Април<br>13 April | ВЕЛИКИ ЧЕТВРТОК - Св. Литургија,<br>GREAT THURSDAY Divine Liturgy, | 10:00 A.M. |
| | Вечерна : Читање на 12-те Евангелија<br>Evening: Reading of 12 Passion Gospels | 7:00 P.M. |
| 14 Април<br>14 April | ВЕЛИКИ ПЕТОК - Царски Часови<br>GREAT FRIDAY Royal Hours | 10:00 A.M. |
| | Вечерна богослужба: Погребение Христово<br>Evening service: Burial of Jesus | 7:00 P.M. |
| 15 Април<br>15 April | ВЕЛИКА САБОТА - Св. Литургија<br>GREAT SATURDAY Divine Liturgy | 10:00 A.M. |
| 15 Април<br>15 April | Велигденска Утрена Богослужба со опход<br>Midnight EASTER Service - Procession | 11:30 P.M. |
| 16 Април<br>16 April | В Е Л И Г Д Е Н - Св. Литургија<br>EASTER - Divine Liturgy | 10:00 A.M. |
| 17 Април<br>17 April | ВЕЛИГДЕН (втор ден) - Св. Литургија<br>EASTER - Divine Liturgy | 10:00 A.M. |
| 18 Април<br>18 April | ВЕЛИГДЕН (трет ден) - Св. Литургија<br>EASTER - Divine Liturgy | 10’00A.M |
| 21 April<br>21 April | Petok BALAKLI - Св. Литургија<br>Friday BALAKLIA - Divine Liturgy | 10:00 A.M. |

Велигден, 2023
Easter, 2023

# LOFRANCO CORRIERO
PERSONAL INJURY LAWYERS



## *SADO MEMETI*
*CLIENT SERVICES*

***Dir: 416-618-5526***
***Fax: 416-223-3404***

*425 Britannia Rd East, Unit 122*
*Mississauga, Ontario L4Z 3E7*
*sado@lofrancolawyers.com*

*5255 Yonge Street, suite 200*
*North York, Ontario M2N 6P4*
*www.lofrancolawyers.com*



**Call Sado if you have a serious personal injuries or injuries from car accidents.**
Адвокатската канцеларија ќе ви помогне при сериозни лични повреди и повреди здобиени во сообраќајни незгоди.
LANGUAGES SPOKEN :
English, Macedonian, Serbian, Croatian, Bosnian, Albanian
**Садо течно зборува македонски**, српски, хрватски, босански и албански јазик.

## CRIMINAL DEFENCE LAWYER
## ALEXANDER KARAPANCEV

*Have you been wrongly accused or charged with a criminal offence ?*
*Any charge can impact your record and life!*



Impaired Driving
Domestic Violence
Sexual Offences
Drug Crimes
Theft and Fraud
Don't Wait, CALL NOW!
647 - 907 - 8418
www.karapancevlaw.ca

Funded by the Government of Canada | Canada

REALTY ASSOCIATES INC. BROKERAGE

*Steve Dzandzurovski,*



REALTY ASSOCIATES

CELL. 416.817.3583
e. sdzan53@gmail.com

**Steve Dzandzurovski**
Registered Real Estate Salesperson
REALTY ASSOCIATES INC. BROKERAGE
p: 416.293.1100 f: 416.293.6700
8901 Woodbine Ave., #224, Markham, Ontario, L3R 9Y4

**DO YOU KNOW THIS MAN?**
**ГО ПОЗНАВАШ ЛИ ОВОЈ ЧОВЕК?**



**IF YOU RECOGNIZE HIM, PLEASE CALL BOB 416 732 2433. I AM RESEARCHING MACEDONIAN RESTAURANTS IN TORONTO IN 1940S AND 1950S. THANKS**


FINO
fine foods
Happy Easter
AJVAR
Kebapi
chevapi-cevapcici
PORK & BEEF
BEEF
facebook.com/finofinefoods
www.finofinefoods.com
contact@finofinefoods.com
416-287-6767


Lerin Region Macedonian Cultural Association of Canada
SATURDAY, MAY 06TH, 2023, 6:00PM
St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Church, 76 Overlea Blvd, Toronto
Entertainment:
The Boys from Bouf
RAYA STUDIOS
CELEBRATION
MOTHER's day
Dinner And Dance:
Adults $60,
Children under 13, $20 - Chicken Fingers
Please Call to Reserve your table:
You must phone ahead Bring your Family and Friends


Македонско Литературно Друштво
"Браќа Миладиновци - Торонто
БАНКЕТ
Денови на Македонската Литература и Култура
Македонска Православна Црква - Свети Климент Охридски - Торонто (Големa сала)
76 Overlea Blvd. Toronto, ON M4H 1C5
Специјален гостин од Република Македонија
Проф. д-р
Виолета Ачкоска
македонски историчар и универзитетски професор
13ТИ МАЈ
19:00 ЧАСОТ
- Изложба на ликовни дела
- Продажна изложба на македонски книги
- Заеднички настап на членовите на Л.Д. „Браќа Миладиновци„
- Настап на децата-ученици од училиштето
по македонски јазик во Св. Климент Охридски
- Музика:
Соња&Оливер бенд, Стив и Менде
Возрасни $50
Деца $20
Контакт: Св. Климент Охридски 416-421-7451 / Зоран Карапанчев 416-265-8313


Најголемиот македонски автомобилски
парк во Канада. Јавете во COMSTOCK
кај Панде и Марко Јадилебовски
Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Марко
Панде


ZORAN NICESKI
B.COMM.. SRS. ABR. RENE. BROKER
Over 20 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging 1
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
Re/Max All Stars Realty Inc. Brokerage, T: 905.477.0011
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zniceski@trebnet.com
SRS
ABR
RENE
Real Estate Negotiation Expert


StelArt
Custom made kitchens
➢ Build up a new kitchen from the scratch
➢ Renovation and upgrade on existing kitchen
➢ Repair and repaint your old kitchen
B.Sc. Marko Mateski
Cell: 226-600-8112
Email: stelartkw@gmail.com










**AR All-Risks Insurance**
BROKERS LIMITED

Auto | Home | Life | Commercial

Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9

Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com




# SB Video

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthday
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

bozarovskistefo@aol.com
Phone: 416 -299-7710
Cell: 647-617-7931

## MACEDONIAN YOUTH NETWORK ST. CLEMENT OF OHRID, TORONTO

# EASTER DANCE APRIL 8TH 2023






The St. Clement Easter dance was an overwhelming success, bringing together hundreds of Macedonian families and youth for a night of fun and celebration. We would like to thank our incredible guests, dedicated volunteers, and the exceptional Balkan Entertainment for creating an electric atmosphere all night long. We are grateful for the support and enthusiasm of all involved, and we look forward to more memorable events like this in the future.

**Christian Rostankovski On behalf of the church board of St. Clement, Toronto**




AMSUT

ASSOCIATION OF MACEDONIAN STUDENTS AT UOFT

******Attention all former and current UofT students******

*AMSUT is hosting a networking event on May 11th from 7-9pm at the Hart House Debates Room for all former, current, and soon-to-be UofT students. We want to help you connect with your peers, explore career opportunities, and make friends in the Macedonian-Canadian community. Light refreshments will be served. There will also be a cash bar with alcoholic beverages for purchase.*
*Entrance is free for current students and recent graduates, and minimum donations of $20 are encouraged for all alumni.*
*Sign up using the link to confirm your attendance!*
*https://forms.gle/sXcXXJKGt26T1z3Z9*




## AMSUT & MYNET Macedonian Night at Bar244



Written By: Hristina Veljanovska

This Friday March 24th, AMSUT and MYNET collaborated together to host one of the best Macedonian Night parties Toronto has ever had. With up to 200 people attending, we were thrilled to see all of our guests come together to celebrate our culture and enjoy our favourite music and drinks! Thank you to DJ Teja for playing an amazing setlist mixed with everyones favorite Macedonian, Balkan, Latin and Top 40 Hit songs. On behalf of AMSUT and MYNET, we would like to thank everyone who was able to come out to support our Macedonian community! We strongly encourage all youth in the community to get more involved in order for us to be able to host more fun and new events. We must work hard to stay together for future generations of Macedonian-Canadians to experience the kind of community we have been able to create thus far.

**Our next event is our Alumni-Student Networking Event that will take place on Thursday, May 11th from 7pm-9pm**

Our next event is our Alumni-Student Networking Event that will take place on Thursday, May 11th from 7pm-9pm. We invite all current students, alumni, and future students to attend and learn from successful Macedonians in the GTA and to see where their careers have taken them.

This is an amazing opportunity to make new connections, friends, and potential colleagues. The event will take place in the Debates Room at Hart House, UofT. It is free for current students and recent graduates, and a minimum $20 donation for alumni is requested upon entry. We will be providing light refreshments and a cash bar will be available for purchase.

The Association of Macedonian Students at the University of Toronto's mission has always been to bring students of Macedonian descent together to celebrate their culture and instill a presence on campus. Being a part of such a great community allows you to make friends, develop language skills, strengthen your identity and cultural values and expand your academic and professional networks. We are always accepting new members in the club, and you do not need to be a UofT student to join the club. Please do not hesitate to reach out via email or social media!

***Email: amsut.utsg@gmail.com***
***Instagram: @amsut.mk***






# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто



Подготви Снежана Тешовиќ, учителка во неделното училиште по македонски јазик во црквата Св . Климент Охридски од Торонто

Како протече минатиов месец во за неделното училиште во Св. Климент Охридски?

Почитувани читатели, уште еден успешно изминат месец во Неделното училиште "Св.Климент Охридски". Месец воглавно посветен на нашите мајки, баби, сестри,ќерки и на сите жени во светот. По тој повод учениците пишуваа честитки и ги опишуваа своите мајки.

Во прилог објавувам раскази на две ученички.

**" Мојата мајка"**
**Мојата мајка се вика Бисера.**
